**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# З А П И С Н И К

од дванаесетта седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 22.5.2019 година

Скопје, мај 2019 година

З А П И С Н И К
од дванаесетта седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 22.5.2019 година

Седницата започна во 14:40 часот.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација и членовите: Миљазим Мустафа, Министерство за правда; Виктор Митевски, Министерство за финансии; Андријана Велевска, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа; Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање; Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања; Атула Касуми, Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор; Дарко Каевски, Агенција за млади и спорт; Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп; Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје; Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје; Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје; Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово; Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје; Бесим Небиу, Здружение на новинарите на Македонија Скопје; Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје и Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје.

На седницата отсуствуваа членовите на Советот: Славјанка Петровска, Министерство за внатрешни работи; Софија Кузмановска, Министерство за економија; Ангелина Бачановиќ, Министерство за здравство; Сафет Незири, Министерство за образование и наука; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика; Хајрије Сопи, Министерство за култура; Марјан Николов, Центар за економски анализи; Мимоза Богданоска-Јовановска, Македонско научно друштво Битола и Љупчо Петковски, Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии Скопје.

На седницата присуствуваа и: Татјана Калајџиска, Министерство за внатрешни работи; Весна Блажески Синадинова, Министерство за здравство; Александра Крстевска од Националниот демократски институт (НДИ), Сандра Анастасовска Кузмановски, Фондација Отворено општество Македонија и претставници од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска, Елпида Петковска и Загорка Видоевска.

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го утврди следниов:

Д Н Е В Е Н   Р Е Д

- Усвојување на Записникот од единаесеттата седница на Советот, одржана на 19.3.2019 година

1. Нацрт-упатството за регистрација на проекти во Централната база на податоци за странска помош (ЦДАД)
2. Квартален извештај за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 (јануари – март 2019) – за информирање
3. Барање од Секретаријатот за европски прашања за номинирање на седум претставници од граѓански организации во ИПА мониторинг комитетот за следење на напредокот на спроведувањето на ИПА 2014-2020 (за областите: Владеење на правото и фундаментални права; Транспорт; Животна средина и просторно планирање; Демократија и владеење; Образование, вработување и социјална политика; Конкурентност и иновации и Земјоделство и рурален развој)
4. Барање од Министерството за труд и социјална политика за номинирање на шест претставници од граѓанскиот сектор како членови и заменици членови во Секторскиот мониторинг комитет на годишната Акциска програма 2017, Акција 4: Поддршка на ЕУ за вработување, образование и социјална политика
5. Презентација на проектот „Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите“, имплементиран од Фондација Отворено општество – Македонија, во партнерство со Евротинк-Центар за европски стратегии, Центар за граѓански комуникации и Реактор – Истражување во акција, а финансиски поддржан од Делегацијата на Европската унија во РСМ, во рамки на IPA Civil Society Facility and Media Programme 2016-2017
6. Известување за номинирање на нов член на Советот од Министерството за култура и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор
7. Прашања и предлози

*

*   *

Пред почетокот на седницата, претседателката Фани Каранфилова-Пановска, и честиташе на Ана Чоловиќ-Лешоска од Здружение Еко-свест Скопје, која годинава беше добитничка на престижната награда за животна средина „Голдман“ за нејзините континуирани заложби за заштитата на животната средина и природните ресурси. Членовите на Советот и оддадоа особено признание за добиената награда, која се доделува секоја година на заслужни херои во светски рамки од областа на животната средина.

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор едногласно и без забелешки го усвои Записникот од единаесеттата седница на Советот, одржана на 19.3.2019 година.

*

*   *

**Точка 1**

Христина Конеска-Бероска детално го образложи текстот на Нацрт-упатството за регистрација на проекти во Централната база на податоци за странска помош (ЦДАД) во надлежност на Секретаријатот за европски прашања кои се финансирани со неповратни парични средства од странски донатори и за кои е предвидена постапка за ослободување од царина и други давачки, акциза и данок на додадена вредност (ДДВ) при набавки или увоз на стоки и услуги за потребите на Проектот, а за кои претходно е склучен соодветен Договор меѓу Владата и странскиот донатор и ја појасни процедурата роковите, како и новините кои ги предвидува. Дополнително информираше дека со Нацрт-упатството се предвидува и диверзификација на Обрасците за регистрација на проекти во ЦДАД базата, со што значително би се олеснила постапката за пополнување на податоци во врска со проектите кои треба да се регистрираат (Образец за регистрација на проекти финансирани од Европска Комисија (ИПА, Програми на Унијата), Образец за регистрација на проекти финансирани од билатерални донатори (билатерални донатори со кои постои склучен договор на владино ниво кој ја содржи клаузулата според која донираните средства не треба да се употребуваат за плаќање на јавни давачки во РСМ), Образец за регистрација на проекти финансирани од мултилатерални донатори (два или повеќе донатори, вклучено кофинансирање и сл.) и Образец за регистрација на проекти финансирани од суб-грантови (случаи кога во рамки на еден поголем проект, финансиран од страна на странски донатор,предвидени се и доделени помали грантови на повеќе помали организации, најчесто НВО).

Претседателката Фани Каранфилова-Пановска и Сабина Факиќ, предложија Советот да побара од Секретаријатот кратење на рокот за водење на постапката по приемот на потполната документација за потпишување и издавање потврда за регистрација на проектот во Централната база на податоци за странска помош (ЦДАД), од 15 на 10 работни денови.

Јане Чаловски го истакна своето мислење дека со новото Нацрт-упатството се предвидуваат подобрувања во однос на постапката за регистрација на проекти.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го разгледа Нацрт-упатството за регистрација на проекти во Централната база на податоци за странска помош на Владата на Република Северна Македонија (ЦДАД) и препорачува Секретаријатот за европски прашања да ја разгледа можноста да се скратат роковите за издавање потврда за регистрација на проектот во ЦДАД базата од 15 на 10 работни денови.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации да подготви Мислење на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектот по Нацрт-упатството за регистрација на проекти во Централната база на податоци за странска помош на Владата на Република Северна Македонија (ЦДАД).

**Точка 2**

Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека е подготвен Квартален извештај за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 (јануари – март 2019), согласно податоците обезбедени од ресорните министерства и Одделението за соработка со невладини организации. Објасни дека во првата приоритетна област, остварен е напредок во однос на работата на Советот, одржани седници и номинирани претставници во секторски работни групи, и подготвена е Информација за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија во 2018 година и планирани средства 2019 година. Во втора приоритетна област спроведени се активности за градење капацитети за ЕУ преговори прекусеминари организирани од Секретаријатот за европски прашања со советникот Франсоа Лафонд, на тема „Административна и министерска координација „Task force“ и Европските преговори: Рецепти за успех“и активности на Министерството за информатичко општество и администрација за надградба на ЕНЕР. Во однос на третата област од страна на Министерството за финансии донесен е Правилник за формата и содржината на пополнетата годишна даночна пријава за утврдување на персоналниот данок на доход, начинот на доставување на пополнетата годишна даночна пријава од страна на органот за јавни приходи и начинот на потврдување од страна на даночниот обврзник, во прилог на кој беше пропишан образецот на годишната даночна пријава „ПДД-ГДП“.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска се осврна на мерките во Стратегијата по кои е евидентирано доцнење, како што се Законот за здруженија и фондации и Законот за донации и спонзорства во надлежност на Министерството за правда и Следење на спроведувањето на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики, што е поврзано со Годишниот извештај за оценка на спроведените консултации на предлог закони во 2018 година од надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација.

Јасна Мандиќ истакна дека честопати роковите за добивање мислење од страна на граѓанските организации се многу кратки и невозможно е да се даде квалитетно мислење. Како пример ја посочи Нацрт-Националната стратегијата за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот и апелираше да не се продолжи со праксата на „таксативна консултација“.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор се информираше со Кварталниот извештај за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 (јануари – март 2019)
2. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор препорача Одделението за соработка со невладини организации да ја разгледа конзистентноста на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 со Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година и за евентуалните недоследности да го информираат Советот.

**<u>Точки 3 и 4</u>**

Претседателката Фани Каранфилова-Пановска по однос на точките 3 и 4 од Дневниот ред истакна дека Советот нема механизам за номинирање на претставници на граѓанскиот сектор во работните групи на транспарентен начин и дека е невозможно да се номинираат претставници од граѓанскиот сектор во толку кус рок. Во таа насока, предложи Одделението за соработка со невладини организации до 23.5.2019 година да подготви Јавен повик за пријавување на седум претставници од граѓански организации во ИПА мониторинг комитетот за следење на напредокот на спроведувањето на ИПА 2012-2020 и шест претставници од граѓанскиот сектор како членови и заменици членови во Секторскиот мониторинг комитет на годишната Акциска програма 2017и по консултации со засегнатите членови од Советот јавните повици да ги објави на www.nvosorabotka.gov.mk на 28.05.2019 година, а рокот за поднесување на пријави да е до 3.06.2019 година. Препорача секој од членовите на Советот да ја дисеминира информацијата за објавените повици до мрежата на граѓански организации во својата област, а потоа на седница на Советот да се разгледаат пријавите и да се предложат претставници на граѓански организации во мониторинг комитетите.

Ели Чакар препорача Одделението за соработка со невладини организации да подготви предлог со кој ќе се уреди постапката за номинирање на претставници на граѓанскиот сектор во работни тела од страна на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор..

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ги разгледа Барањето од Секретаријатот за европски прашања за номинирање на седум претставници од граѓански организации во ИПА мониторинг комитетот за следење на напредокот на спроведувањето на ИПА 2012-2020 и Барањето од Министерството за труд и социјална политика за номинирање на шест претставници од граѓанскиот сектор како членови и заменици членови во Секторскиот мониторинг комитет на годишната Акциска програма 2017.
2. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го задолжи Одделението за соработка со невладини организации на 28.5.2019 година на www.nvosorabotka.gov.mk да објави Јавен повик за избор на седум претставници

од граѓанскиот сектор во ИПА мониторинг комитетот за следење на напредокот во спроведувањето на ИПА 2014-2020 и Јавен повик за избор на три членови и три заменици членови во Секторскиот мониторинг комитет на годишната Акциска програма 2017 Акција 4: Поддршка на ЕУ за вработување, образование и социјална политика.

**Точка 5**

Сандра Анастасовска-Кузмановски од Фондацијата Отворено општество Македонија го презентираше проектот: Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ, интеграциите имплементиран од Фондација Отворено општество – Македонија, во партнерство со Евротинк-Центар за европски стратегии, Центар за граѓански комуникации и Реактор – Истражување во акција, а финансиски поддржан од Делегацијата на Европската унија во РСМ, во рамки на IPA Civil Society Facility and Media Programme 2016-2017 и објасни дека негова цел е овозможување суштинско и структурно учество на граѓанското општество кое ги одразува ставовите на граѓаните за клучните секторски реформи во процесот на европските интеграции. Проектот ќе обезбеди платформа која ќе го структурира граѓанското учество во институционалните консултативни механизми, поддршка на учеството во процесите на креирање јавни политики врзани со пристапувањето кон ЕУ, зајакнување на институционални механизми за консултации меѓу Владата и граѓанското општество, зголемување на влијанието на граѓанското општество врз секторските реформи во процесот на пристапување кон ЕУ и зголемување на влијанието на граѓанското општество врз секторските политики преку креирање на јавни политики базирани на докази. Во делот на активностите на Советот проектот предвидува обезбедување на веб-стриминг за седниците на Советот, креирање на едукативни материјали (видеа и туториали) за подобро разбирање на работата на Советот, спроведување на јавни консултации според потребите на Советот и граѓанскиот сектор, вклученост на претставници на Советот на конференции за вмрежување на тема учество на граѓанското општество во креирање и спроведување на секторските политики со сите засегнати страни и проценка на потребите на претставниците на граѓанските организации кои учествуваат во Советот.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска укажа дека за овозможување на веб-стриминг од седниците на Советот потребно е носителите на проектот да достават писмено барање до генералниот секретар на Владата.

Гордана Гапиќ-Димитровска информираше дека постои можност Платформата за структурно учество во ЕУ интеграциите да биде поставена на ЕНЕР, бидејќи постои дел предвиден за тоа. Исто така, по пуштањето во употреба на новата надградба на ЕНЕР би можело да се планираат средби за соработка.

**Точка 6**

Членовите на Советот се информираа со Известувањата за номинирање на нов член на Советот од Министерството за култура, Хајрије Сопи и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, Атула Касуми.

**Точка 7**

Лилјана Јоноски на барање на претставници од Граѓанскиот ресурсен центар ги информираше членовите на Советот дека недостасува промоцијата и препознатливоста на работата и членовите на Советот на локално ниво и дека е потребно да се превземат одредени чекори и на тоа поле. Граѓанскиот ресурсен центар организира средби со граѓански организации на локално ниво каде што една цела сесија е посветена на Советот, па нивен предлог е на ваквите средби работата на Советот да ја презентира член на самиот Совет кој што ќе биде во можност да присуствува на средбата како би се доближила работата и членовите на Советот до претставниците на граѓанските организации на локално ниво. Беше заклучено Граѓанскиот ресурсен центар да достави листа со датуми и места на одржување на ваквите средби и да достави официјално барање за учество на членови на Советот на ваквите средби, по што членовите ќе се организираат согласно нивниот временски распоред и ќе настојуваат да присуствуваат на ваквите средби. Лилјана Јоноски ја превзеде обврската да ги извести претставниците на Граѓанскиот ресурсен центар за заклучокот на седницата по однос на нивното барање.

Членовите на Советот им честитаа на претставниците на Одделението за соработка со невладини организации за новата редизајнирана веб-страница www.nvosorabotka.gov.mk и предложија да се збогати содржината во делот на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор со фотографија и биографија на членовите на Советот.

Седницата заврши во 16:10 часот.

Следната седница на Советот ќе се одржи на **7.6.2019** година.

Претседателка на Советот за соработка со
и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвила: Загорка Видоевска
Контролирала: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска